**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25.04.2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,бидејќи Комисијата за финансии и буџет сеуште заседава по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни награди, објавувам пауза до 11,390 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13,14 часот).

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Светлана Јакимовска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубисав Иванов Ѕинго, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Валентина Божиновска, Фијат Цановски, Абдулади Вејсели, Петар Поп Арсов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по точката 21-**Предлог за донесување на закн за изменување и дополнување на Законот за државн награди, со Предлог на закон.**

Бидејќи извештајот од Комисијата за финансирање и буџет ви е поделен, продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално, Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, со оглед на тоа што вие денес ја започнавте оваа седница во 11,00 часот, а во овој момент е 13,15 часот, согласно деловничката процедура должни сте да објасните зошто вашиот најавен пола час, траеше 2 часа и 15 минути? Очигледно стана пракса веќе во работата на Собранието да не се почитува ни ред ни поредок, ни време. Ќе се обидам во оваа процедура да преранунам согласно математиката на господинот Љубиша Георгиевски како прв меѓу еднаквите овде дека една седнциа чини 18 илјади евра. Должни сте да објасните зошто во овој момент и како дозволивте да пропаднат во вода 6 илјади евра од џебот на македонските граѓани. Се надевам дека ќе имате конкретно образложение зошто денешната седница доцни со својата работа цели 2 часа и 15 минути.

**Бесим Догани:** Карактерот на оваа точка е поврзан со работата на Комисијата за финансирање и буџет што исто така беше барање и од вашата пратеничка група кое нормално според Деловникот се удоволи. Работата на Комисијата за финансирање и буџет продолжи малку повеќе од планираниот термин. Исто така, требаше околу 40-тина минути за да се подготви овој извештај и затоа е доцнењето на оваа седница. Инаку, без извештајот немавме право да продолжиме по оваа точка. Мислам дека ќе имате разбирање за ова доцнење.

Процедурално Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, јас сакам прво да се заблагодарам за напорите што ги вложивте за да се состане Комисијата, тоа исклучително го ценам најискрено. Се надевам и оние други комисии кои што не работат, а се од интерес за работата на Собранието. Со назначување на други личности ќе можат да работат. Но, би сакал да укажам на член 79 став 4 од Деловникот на Собранието каде што прекинот на седницата не може да трае овеќе од еден час. Значи вие дали сега во овој момент ќе ја затворите седницата, не знам тоа како да го направите процедурално. Но, во овој момент бидејќи прекинот трае подолго од еден час, да изнајдете деловничка варијанта како да продолжиме понатаму. Тоа е моето процедурално укажување во врска со член 79 став 4.

**Бесим Догани:** Јас еднаш веќе објаснив дека во интерес на продолжување на работата е ова доцнење. Не е намерно доцнење, доцнење од технички карактер, така што мислам дека ако сте согласни би можеле да продолжиме со работа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, јас сакав да се приклучам кон деловничката забелешка на член 79 каде што ставот 4 вели дека прекинот на седницата не може да трае повеќе од еден час. Меѓутоа, еве да имаме разбирање, бидејќи вие навистина вложивте дополнителен напор за да обезбедите да се состане Комисијата за финансирање и буџет и да ни достави еден извештај во однос на поднесениот закон од колегата Трајко Вељаноски. Иако не ми е јасно за што толку, ако седницата беше почната во 10,00 часот зошто беа неопходни толку часа за да се дебатира по една точка и тоа само околу финансиските импликации што може да ги предизвика законот, односно амандманот на својот закон кој што го поднесе господинот Трајко Вељаноски. И ако го погледнеме овој заклучок, сепак не станува јасно, дали до крај е запазена процедурата, дотолку повеќе што не знам дали ставот и заклучокот е во согласност со Законот за извршување на буџетите

. Но, еве поради тоа да покажеме конструктивност како опозиција, јас ќе ја продолжам мојата дискусија на тема на законот и ќе дадеме придонес да продолжи оваа седница, иако како што кажав и по Деловник и по она што ни е доствено како извештај овде би требало да ја прекинеме денешната седница.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван предлагач на закнонот, кога го добивме овој закон за изменување и дополнување на Законот за државни награди, со Предлог на закон имав позитивно мислење и мислев дека е во ред што почитуваниот колега се сетил дека навистина со изменувањето на еден друг закон кој што беше во процедура во 2006 година Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, значи кога е формирана оваа Комисија престана со работа Агенцијата за информации. И според тоа требаше за да може и понатаму непречено да се доделува највисоката награда за публицистика и новинарство која што го носи името на Мито Хаџивасилев Јасмин да се направи измена во Законот. И тоа е апсолутно позитивно од почитуваниот колега што се сетил на тоа и што ни достави еден таков закон. Мислам дека доколку не следуваше вториот дел од она што се случуваше и до тука би било во ред. Јас сега не би говорела тука за ликот и делото на Мито Хаџивасилев Јасмин. Слушнавме од настапот на почитуваниот колега Веле Митаноски и апсолутно давам поддршка, затоа што навистина се работи за нешто кое што претставува значи само измена во корист на тоа да може и понатаму да се доделува оваа награда. Меѓутоа, очигледно е дека почитуваниот колега добро ја научил лекцијата од Владата и како што е вообичаено во животот, навистина за жал лошите работи полесно се воспириемаат, така е со шундот и кичот, така е и со она што ни се случува во Собранието. Така што она што ни го приредува Владата како своевидна итроштина, овој пат ни дојде и од почитуваниот колега пратеник кој што инаку го почитувам како принципиелен човек. Но, не знам што сега му требаше оваа авантура. И во последен момент ни достави амандмани на еден член. Значи, законот се содржи од два члена. Тој ни достави амандмани кои што имаат повеќе члена отколку што има и самиот закон. И повторно на мала врата значи, овој пат ни се подметнува на пратениците да гласаме за доделување на наградата 23 Октомври. И сега наместо да дебатираме за законите со кои што се хармонизираме со европското законодавство, или од оние закони со кои што барем малку ќе се подобри животот на граѓаните во Република Македонија, а се однесуваат на економијата. Ние сега би требало со часови и денови, опозицијата доколку не сакаше да биде конструктивна, да дебатира за тоа зошто наградата 23 Октомври е една од највисоките признанија. Значи, се воведува како едно од највисоките признанија во Република Македонија после воведувањето на 23 Октомври како државен празник.

Кога ги видов амандманите, јас да бидам искрена помислив дека господинот Трајко Вељаноски се сетил на еден пропуст што можеби е направен во овој претходниот Закон кој што го имаме за државни награди и како едно од највисоките признанија што се однесува до и е во многу блиска корелација со државноста на Република Македонија ни понудил 2 Август да има награда која што ќе се доделува на 2 Август за значењето на овој ден сите знаеме и јас не би сакала сега тука да елаборирам. И ако нешто беше спорно кога го носевме Законот за празниците меѓу другите беше и датумот 23 Октомври дотолку повеќе што владеачкото мнозинство, односно партијата која што го предлага од каде што и доаѓа почитуваниот колега Трајко Вељаноски, 23 Октомври да кажува дека е почеток на македонската револуционерна борба. Јас и тогаш зборував дека многу лесно пристапуваме кон дефинирање на одредени историски процеси, без да го слушнеме мислењето на експертите, без да слушнеме што навистина се случило тој ден и дали баш тој ден е почеток на македонската револуционерна борба, или можеби само заради тоа што и тие во името на својата партија ги имат оние четири свети букви ВМРО, па се идентификуваат со денот кога што всушност друштвото Лозарите се состанале во Солун и ја основале Македонската револуционерна организација. Значи кај мене сеуште останува дилемата дали е овој датум кој што прво требаше да биде издигнат на ниво на државен празник и тоа дефиниран како почеток на револуционерната борба во Македонија, или тука требаше науката да си го каже својот збор и да ги слушнеме и експертите и наместо да настојуваме да кажеме дека сме земја со поголема тредиција, па дури и почетоците на нашата револуционерна борба да ги бараме многу пред тоа, ние кажав само поради тоа што во името на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ има дел од тоа, ВМРО. Мислат дека треба токму заради тоа да се доделува и највисоката награда и тоа како највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштита на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности, културно историско наследстбво на Република Македонија. Значи многу широк дијапазон на области кои што ги зафаќа. Навистина не знам зошто имало потреба од толку многу да се набројува и внесува, ако веќе ние имаме соодветни награди како што е наградата 11 Октомври која што исто така се доделува и опфаќа најголем дел од овие области кои што се овде опфатени, животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и другите дејности од јавен интерес. И наградата “Климент Охридски” која што апсолутно ја поддржувам и е сосема во ред, бидејќи се однесува на долгогодишно остварување во областа на

воспитианието, образованието, културата, уметноста, здравството, спортот и тн. Овде единствено е ново, се воведува заштита на државните интереси и промоција на државните приоритети. Имајќи го во предвид начинот и стилот на кој што беше донесен и самиот Закон и 23 Октомври беше воведен како државен празник на Република Македонија, а и сега се востановува и една ваква награда. Очигледно е на кому ќе му биде доделена оваа награда која што парична сума не е за потценување, затоа што е една од највисоките и изнесува 10 просечни плати во Република Македонија. Но, и тоа не е спорно. Апсолутно се залагам за тоа, нашите истакнати дејци од било која област на уметноста, културата, нашите врвни стручњаци од одредени области, без разлика дали се тоа општествени, или од стопанството да бидат наградени и да им биде овозможено навистина да се чувствуваат дека и тие даваат придонес за развојот на Република Македонија и за целокупните свои заложби добиваат и одредено признание. Но вака почитувани колеги навистина кај мене се наметнува дилемата кој ќе ја добие оваа награда за заштита на државните интереси, промоција на државните приоритети, ако не , освен претставници од владеачкото мнозинтво, односно блиски сопартијци на почитуваниот колега Трајко Вељаноски. И уште повеќе реков зошто значи, двете дилеми беа кај мене кога говорев и за Законот за празниците. Едната беше од аспект, околу тоа дали навистина 23 Октомври е почеток на револуционерната борба во Македонија. Јас не сметам дека е така и од оние сознанија што ги имам од познавањето на историската литература и повторно ја консултирав, не баш сите се сложуваат, или многумина и не се сложуваат дека тоа е денот, почетокот на македонската револуционерна борба, а уште поголема дилема и тогаш кажав и сега ќе повторам, ми внесе она што сакајќи да го промовира ВМРО-ДПМНЕ како ден на револуционерната борба, па во сите пишани медиуми излезе еден леток во кој што, како што реков, за жал, меѓу најголемите и најзаслужните дејци на Македонија со чие што име треба секој Македонец да се гордее и да ги спомнува со одреден пиетет, како што се Дамјан, Груев, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, не ги гледам и многу други овде што не се споменати, значи Нилола Карев, се најдоа и многу спорни имиња, контраверзни имиња во македонската историја како што се Тодор Александров и Александар Протугеров. Дотолку повеќе мене навистина никако не ми стои покрај овие што ги кажав, ама да стојат и имињата на Димо Хаџи Димов и името на Александар Протугеров или Тодор Александров. Секој оној што малку подобро ја познава историјата, ги знае контраверзите на овие личности и каде тие и на која страна во одреден момент се наоѓале. И ако вака продолжиме можеби нема да ме изненади и 30 Август денот на убиството на Тодор Александров да биде внесено како една повисока награда, доделување на повисока награда од областа на не знам какви државни интереси и заштита. И сега да не отвораме дебата околу тоа кој во кое време каде се наоѓал, што значела во кое време македонската револуционерна организација, со целата почит кон дејците и не само овие што ги споменав, има уште многу други кои што сега ако почнам сите да ги споменувам и да им оддавам признание, ова би се претворило во симпозиум, а не дебата во Собранието. Зошто не почекавме експертите од оваа област, стручњаци, историчари да си го кажат своето мислење, дотолку повеќе што овие личности предизвикуваат контраверзи не само кај нас, туку и во една соседна држава. И ако сега многу малку нашава држава, не видов дека многу се потресел околу настанот со Јане Сандански, а морам да го споменам тоа, затоа што кога ќе се спомене Тодор Александров и Александар Протугеров, а да не се спомене Јане Сандански, мислам дека сме на погрешен пат. Значи, не обрнавме повеќе внимание за она што се случуваше каде што навистина сакаа оние искрени Македонци кои што имаат искрени национални чувства какви што за жал ги немал Тодор Александров за време на своето дејствување, значи изразени национални чувства кога сакаа да се поклонат на гробот на Јане Сандански им беше оневозможено.

Дали навистина сакаме да ја почитуваме историјата, онаа историја која што оди во прилог на државноста на Република Македонија, онаа историја со која што сите ние ќе можеме да се гордееме и со апсолутно чист образ ќе им ја оставиме на генерациите кои доаѓаат по нас, или ќе дебатираме за некои работи за кои сеуште до крај историјата го нема кажано својот збор.

Од сето ова навистина ме изненадува и тоа што Владата немаше доволно храброст да го направи она што и беше манир и до сега, да ни достави еден закон и потоа со неколку амандмани да го измени и да ја воведе оваа награда, туку таа неблагодарна улога му ја додели на почитуваниот колега Трајко Вељаноски, и сега тој ќе треба да го брани овој закон и став. Ги слушнавме неговите аргументи и мислам дека нема да го промени своето мислење, затоа што тоа меѓу другото му претставува и партиска задача. Со оглед дека вие го имате мнозинството наградата “23 Октомври” ќе почне да се доделува како една највисока награда и признание и за нас македонците почетокот на револуционерната борба ќе биде денот кога во Солун се состанало Друштвото на лозарите и ја основале Внатрешната македонска организација, што навистина наметнува многу дилеми и отвора простор за поширока дебата.

Од сето ова што го кажав, нема да го поддржиме овој закон, иако реков во оној момент кога го добивме како закон немавме дилема дека треба да се поддржи и мислам дека колегата Трајко Вељаноски ќе покажеше повеќе доблест ако барем од самиот почеток ни го доставеше овој

закон вака како што е во оваа верзија со амандманите, ние ќе можевме да предложиме одредени амандмани, па можеби доколку најдевме заеднички јазик ќе дадевме поддршка, така што и оние кои ќе го добијат ова највисоко признание, доколку има такви кои ќе бидат партиски необоени или кои нема да припаѓаат на партијата која што е на власт, ВМРО ДПМНЕ, дека ќе ја примаат оваа награда со особено задоволство и ќе им биде чест што добиле едно високо признание.Вака како што се тераат работите не е добро ниту за Република Македонија ниту за демократијата во Република Македонија, едноставно се оди со тоа работите да се истераат со инает и на сила. Се надевам и во овој момент не очекувам дека ќе се повлече овој закон, туку од ова ќе извлечеме можеби барем мала поука и во иднина нема да ни се случуваат вакви настани, за до крај пратениците да бидат девалвирани, без разлика дали припаѓаат на парламентарното мнозинство или опозицијата и да бидат доведени во ситуација кога нема да можат да поднесат амандмани на еден вака значаен закон како што е овој, доделувањето на едно од највисоките признанија. Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во интерес на информирање на македонската јавност што се случуваше денес и зошто оваа седница доцнеше цели два часа и 15 минути работите веќе стануваат јасни.

Имате сериозна забелешка од моја страна, господине потпретседател, бидејќи не смеете да си дозволите од таа фотеља, од таа позиција да изнесувате полувистини и невистини. Зошто доцнеше оваа седница? Еве зошто доцнеше.

Комисијата за финансирање и буџет денес ја одржа својата седница околу Предлог законот за измена и дополнување на Законот за државните награди, претседавач на оваа седница беше пратеник Владанка Авировиќ. Јас нема да дебатирам зошто оваа Комисија својата седница не ја закажала порано, во 10,00 часот, но ќе констатирам нешто.

На седницата присуствуваа државните секретари од Министерството за финансии госпоѓата Костадиновска - Милошевска, и на Министерството за култура госпоѓата Канчевска - Милевска, кои истакнаа дека во Буџетот на Република Македонија има средства за доделување на наградата “23 Октомври” - Ден на Македонската револуционерна борба и внимавајте, дека донесувањето на овој закон нема да предизвика дополнителни импликации во Буџетот на Република Македонија. Ова е флагрантно кршење на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година и тоа е многу сериозен недостаток.

Ние, како законодавен дом, како единствено тело во Република Македонија, државна институција која е задолжена да донесува закони, си дозволуваме да кршиме закони кои сме ги донеле. А вистинската вистина пак следи на дописот што сега пред нас ни го доставија службите на Собранието.

Значи, мислењето на Владата на Република Македонија е примено со приемен печат во Собранието на Република Македонија во 13,20 часот. Значи чекавме мислењето на Владата да тргне од владините простории, претпоставувам во 13,15 часот, тоа беше точно времето кога вие господине Догани го започнавте продолжението на оваа седница, за да конататираме дека м-р Никола Груевски дава позитивно зелено светло за донесување на овој Предлог закон, предложен од пратеникот Трајко Вељаноски. Сега е веќе јасно. Јасно е дека во записникот, во Извештајот од Комисијата за финансирање и буџет стои во претпоследниот став: “Имајќи го предвид Мислењето на Владата на Република Македонија”. Па мислењето стигнало во просториите на Собранието во 13,20 часот. Дали телефонски го добиле мислењето или пак им било шепнато, работите се многу јасни, не само за нас, туку и за македонските граѓани. Ние по итна постапка треба да донесеме закон, да озакониме доделување на партиска наградата на ВМРО ДПМНЕ. Откако донесовме партиски празник, следува државна партиска награда.

Се надевам дека господинот Трајко Вељаноски нема да подлегне на притисокот од својата матична партија, па во следните месец или два да ни достави предлог, партиската химна на ВМРО ДПМНЕ со закон да ја објавиме како химна на Република Македонија и недај боже партиското знаме на ВМРО ДПМНЕ да стане наше знаме.

Се случува нешто многу сериозно во Република Македонија. Се партизираа сите државни институции, се направија упади во културата, во спортот, сега гледаме и во доделувањето на државните награди, пред тоа и во Законот за државни празници. Македонија, се надевам, дека нема да дозволиме да стане бастион на ВМРО ДПМНЕ. Се надевам дека во текот на страховладеењето на ВМРО ДПМНЕ нема да доживееме Македонија да биде оцрнета како земја во која од демократија не постои ни буквата “д”. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди.

Пред да го ставам овој заклучок на гласање, ги повикувам праениците кои се надвор од салата,

да влезат во салата, а службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Во салата нема кворум)

Уште еднаш ги замолувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи сега во салата се присутни 64 пратеници, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, 49 пратеници гласале за, 6 воздржано и 8 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 49 пратеници гласале за, 6 воздржано, и 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачот на законот пратеникот Трајко Вељаноски, поднесе амандмани за внесување четири нови членови 1, 2, 3 и 4, кон насловот на Предлогот на законот и за менување на член 1, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 63 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржано 6, против 7.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди.

**Минуваме на точката 22. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон.**

Бидејќи предлагачите, пратениците Славица Грковска и Тале Герамитчиоски не се присутни, за овој предлог Собранието нема да отвори претрес.

**Минуваме на точката 23. - Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2006 година.**

Предлагач е Народниот правобранител.

Годишниот извештај и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Народниот правобранител, повелете.

**Иџет Мемети:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани дами и господа,

Пред вас се наоѓа 9-от годишен извештај за работата на институцијата Народен правобранител во Република Македонија во кој се сублимирани констатациите за степенот на почитување, остварување и заштита на правата на граѓаните пред органите на државната управа и другите органи и организации кои во нашето општество вршат јавни овластувања.

Сакам да потенцирам дека Годишниот извештај е најважниот и најсилниот инсрумент што омбуцманите во едно демократско општество го имаат, бидејќи истиот ги отсликува состојбите од аспект на нивото на остварување на човековите права и слободи, начинот на кој функционира државната администрација, а со тоа и степенот на демократскиот развој на државата. Едновремено, годишниот извештај го илустрира начинот на кој функционира и институцијата омбуцман и потешкотиите со кои таа се соочува.

Почитувани пратеници, Република Македонија се определи за патот кој води кон целосно унапредување на демократските процеси во земјата, што не може да се случи без соодветно ниво на почитување на човековите права и слободи, поради што сметам дека содржината на извештајот претставува корисен инструмент во вршењето контрола и надзор над работата на Владата како носител на извршната власт и на јавната управа и воопшто во примената на Уставот, законите, другите прописи и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија. Констатациите за работењето на органите на државната управа низ призма на човековите права, односно степенот на нивото на нивното почитување искрено се надевам дека ќе предизвика продуктивна расправа и воедно предизвик за креирање и спроведување активности што ќе придонесат општата состојба на планот на човековите права во Република Македонија да бележи позитивен тренд.

Говорејќи за ова, сакам да истакнам дека заклучоците за нивото на остварување на човековите права во изминатата година се темелат исклучиво врз она што произлезе од предметното работење, што значи она што е констатирано од постапувањето по поднесените преставки, но и постапките спроведени од страна на омбуцман институцијата по сопствена иницијатива.

Почитувани пратеници Народниот правобранител кај нас постои веќе девет години и говорејќи од аспект на позиционираноста во правнополитичкиот систем можам слободно да кажам дека ги има сите неопходни претпоставки за успешно функционирање на институцијата. Меѓутоа, главните предизвици со кои се соочува

во работата не се од формално правен карактер. Напротив, основна пречка во целосното имплементирање на интервенциите за законито и доследно работење и понатаму претставува односот и разбирањето, односно неразбирањето на администрацијата за надлежностите и улогата на омбуцман институцијата.

За жал, критиките и понатаму се толкуваат како напад и кон нив не се пристапува со должно внимание, наместо да бидат разбрани на начин кој би резултирал со надминување на слабостите и заштита на правата на граѓаните. Точно е дека од една страна постои зголемен број на преставки по кои соодветно е интервенирано и интервенциите биле прифатени и имплементирани, но исто така неспорен факт е дека во одредени сегменти од управата постои несовесност, па и не знаење за надлежностите на институцијата.

Кога на ова ќе се надоврзе и фактот дека живееме во услови кога граѓаните се соочуваат со егзистенцијални проблеми: невработеност, низок животен стандард, би било претенциозно да кажам дека во сферата на човековите права во Република Македонија се остваруваат врвни резултати. Со оглед на тоа дека Омбуцманот претставува контролен инструмент над работата на јавната админситрација, кој дејствува од позиција на авторитет и без присилни мерки, тогаш е јасно дека за ефикасно дејствување неопходно е потребна подршка од сите институции во државата, а пред се од извршната и законодавната власт.

Меѓутоа и покрај потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваше институцијата во работењето, сепак, благодаение на новите методи на работа, односно со големото истражување на предметите преку директен увид во работата на Управата и искористувањето на инструментот јавна критика, слободно можам да кажам дека е постигнат задоволителен степен на доверба на граѓаните во работата на институцијата и нивна информираност за нејзините надлежности, за што говори и зголемениот број на претставки упатени до институциите.

Но, големиот број на претставки не ме радува мене, како носител на оваа функција, бидјеки од друга страна, тоа значи дека во нашето општество граѓаните сеуште не ги остваруваат во доволна мера нивните права и тие не се соодветно заштитени.

Во извештајната година, подрачните канцеларии на институцијата во Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип работеа со полн капацитет, бидејки беа избрани замениците кои раководат со нив и беа доекипирани со најнеопходниот стручен кадар и опрема. Со тоа се постигна и ефектот што беше причина за нивно формирање. Односно, погоелма достапност и доближување на институцијата до граѓаните.

Тука е и надлежноста утврдена со Законот за народен правобранител од 2003 година, односно неговото овластување за преземање дејствија за почитување на начелото на недискриминација и правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната влст, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Овие обвластувања се темелат на уставните измени, согласно Рамковниот договор, чија цел е пред се хармонизирање на меѓуетничките односи и создавање услови за соживот меѓу припадниците на сите заедници во Република Македонија. Меѓутоа, на планот на недискриминацијата, институцијата во голем дел беше оневозможена за ефикасно следење и утврдување на овие состојби, имајки предвид дека сеуште не е донесен закон врз основа на кој овој принцип ќе се заштитува.

Гледано од аспект на принципот на соодветна и правична застапенсот, институцијата презеде низа активнсоти за утврдување на степенот на негова имплементација во органите на државната управа и во другите органи и организации. Резултатот од овие активнсоти покажа дека програмите за имплементација на ова начело одредени органи не ги спроведуваат во целост. За ова, ние, почитувани пратеници, изготвивме и посебен Извештај, што ви го доставивме заедно со главниот Извештај за работа на институцијата Народен правобранител.

Процесот на децентрализација, како и девалуација на одредени правни односи што требаше да одат во насока на поедноставени општествено економски односи во самото општество, а со тоа и напредок во уживањето на основните слободи и човекови права, како одлика на демократските и цивилизирани општества во извештајната година, започна полека да се одвиваат. Но, со одредени нерегуларности, пред се како резултат на некоординираноста помеѓу централната и локалната власт, што директно се одрази врз правата на граѓаните, во најголем дел по однос на правата од работен однос.

И покрај тоа што со години се говори за поедноставување на постапките низ кои секојдневно поминуваат граѓаните, за да ги остваруваат нивните права, сеуште кај нас се присутни елементи на еден комплициран систем со низа правни лавиринти низ кои обичниот граѓанин се исцрпува додека стигне до своите, со закон и Устав загарантирани права.

Говорејки за одговорноста во работењето и понатмау, беше забележана и применета на дејствија на присила, на присилни методи, наместо советување, убедување, укажување на стручна помош и други демократски форми на превенција за да репресијата, навистина, остане последното средство во процесот на владеење на правото.

Кај нас, сеуште нема доволна свест дека во еден демократско-правен поредок Управата треба да биде сервис на граѓаните. Без оглед дали е во прашање поединечниот интерес на граѓанинот и правата на граѓанинот или јавниот интерес и нивните обврски. Исполнувањето на ваквите претпоставки едновремено ќе значи порегулиран правен живот на граѓаните и помал број на управни и судски постапки. А, со тоа, помала администрација и намалени трошоци за нејзино сервисирање.

Говорејки за порегулиран правен живот на граѓаните, неминовно е да ја спомнам и третата власт, односно судската власт, што минуваше низ процес на реформи, кој систем сметам треба да биде итно и целосно завршен. Ако се има предвид дека од аспект на граѓанинот овој сегмент не ја исполнува суштинската карактеристика што би требало да ја псоедува, а тоа е да го доближи граѓанинот до она што значи верба во постоењето на правичност.

Почитувани пратеници,

Познато ви е дека Народниот правобранител, по својата природа испоред Уставот и позиција е организиран идејствува како инокосен орган, со одреден број на заменици, стручна служба. А, делокругот на работа го остварува врз основа на Закон за Народен правобранител, Деловникот и другите методи подзаконски акти. Досегашните проценки, како и  искуствата од дејствуањето на омбуцманите во другите демократски исстеми потврдуваат дека ваквата поставеност, мислам организациска на нашата институција, обезбедува и дава добри резултати. Со новиот закон, врз основ ан акој се формираа подрачните канцеларии, како организиациски подрачни единици, со другите решенија што се во функција на поефикасно, независно и смаостојно извршување на надлежностите, како и новите методи за работа, сметам дека институцијата ќе стане уште подостапна за граѓаните и се очекува зајакнување на нејзината положба во нашиот систем.

Сега ќе изнесам, многу кратко почитувани пратеници, конкретни показатели поврзани со обемот на работа и со состојбите, со остварувањето, почитувањето и заштитата на правата на граѓаните на Република Македонија.

Во извештајната година, Народниот правобранител, до него беа поднесени 3076 писмени претставки,  поднесени од 3344 граѓани, со тоа што Народниот правобранител во 19 случаеви самиот, по своја иницијатива покренал постапка.

Покрај ова, во седиштето на Народниот правобранител, како и во подрачните канцеларии на разговор беа примени повеќе од 5300 граѓани, а е одговорено и на повеќе од 7000 телефонски јавувања. Работите што се во надлежност на Народниот правобранител се извршуваат во 4 групи што ги опфаќа следниве области: граѓанските состојби и права и правата на припадниците на заедниците; право од социјална заштита и социјална сигурност; економските права и уредувањето и хуманизацијата на просторот и правото на работа, еколошките права и правото на корисниците науслугите.

Најголем дел од поднесените претставки со што граѓаните бараат заштита на нивните права, беа во областа, за жал, и понатаму на правостудството. И тоа 731 претставка. Потоа, обласа на заштита од правата од полициското постапување и тоа 500. Но, овде морам да нагласам дека од тие 500, 16,26% се работи, значи во тие 16,26% се работи за граѓански состојби, а во 6,99% се работи за полициско постапување. Потоа следат работните односи, потоа имотно-правната област. Народниот правобранител во 2006 година, заедно со претставките пренесени од претходната година постапуваше по 4282 претставки. Од нив беа завршени 75,74%, односно 3243. А, во 801 случај беше констатирана повреда на правото на граѓаните.

Од претставките, во кој констатиравме повреда, значи од 801 случај, во 758 случаеви органит еи оранизациите со јавни овластувања постапиле по нашите интервенции. При ова, сакам да нагласам дека заради оставарување право или отсранување на неправда, Народниот правобранител не користи строго формално-правни инструменти. Па така, интервенциите можат да бидат иформални, во вид на препораки или мислења. Но, тоа , исто така може да биде и обично негово телефонско јавување, до колку резултира со остварување на правото на граѓанинот или придонесе за отстранување на нанесена неправда. Поради ова, ефектите на работата треба да се оценуваат од аспект на севкупноста на активностите на Народниот правобранител во комуникација со јавната управа и граѓаните.

Како што претходно напомнав, претставките на граѓаните во текот на 2006 година, во најголем дел се однесуваат на работат на судството и полицијата, поради што и ценам дека е неопходно потребно донесување на закон со кој ќе се регулира употребата на оружје и други средства за присила од страна на овластените службени лица при МНР и зајакнување на инструментите на одговорност.

Второ, финализирање и тоа што побрзо, на процесот на реформите во судството.

Новите надлежности на Народен правобранител покажуваат дека во една мултиетничка и мултикултурна заедница, како што е Република Македонија, секогаш постои опасност, а со то аи можност од дискриминација на припадниците на заедниците што не се во мнозинство. Било то ада е на централно ниво, било тоа да е на локално ниво, како и опаснсот од други видови дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа и т.н., да не ги набројувам.

Во таа насока, поднесените претставки на граѓаните се однесува на непочитување на овие начела, генерално, како и во псотапките при вработување или остварување на другите права по основ на работен однос или упис во високобразовните установи. При тоа, како што напред напомнав, констатираниот недостаток на законска регулатива што ја уредува заштитата од дискриминација доведува граѓаните многу малку да се информирани за тоа како можат да се заштитат од дискриминација, за што говори фактот дека многу мал број претставки се однесуваат за заштит аод овој феномен, што во никој случај не значи дека не е присутен во сите клетки во нашето општество.

Во Извештајот се содржани и податоци и одредени видувања за органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања, на кои се однесуваат претставките. Поаѓајки од позицијата на своите овластувања, во Извештајот се изложени оценките за објективните и субјективните причини, за пропустите и слабостите на јавната администрација кога е во прашање остварувањето на правата на граѓаните.

Во Извештајот е исто така дадена оценка за соработката на органите на државната управа и организациите што имаат јавни овластувања со институцијата Омбуцман во Република Македонија. При тоа, видно е дека постои незадоволство од односот на одредени органи, не само поради службеното ниво на кое се остварува комуникацијата, туку пред се, поради недопуштената бавност во постапувањето по барањата на Народен правобранител.

Јас сум свесен дека со овој проблем се соочуваат и омбуцманите од земјите членки на Европската унија. Тоа се покажа и во дискусиите што беа водени на Конференцијата што се организираше во Скопје, а на што централна тема беше соработката со Омбуцманот - релевантен фактор за развој на демократијата во едно организирано и демократско општество.

На крајот, сакам да го изразам моето очекување дкеа по конструктивната расправа по Извештајот што сте го добиле, за нивото на остварување, почитување и заштита на човековите слободи и права на граѓаните во Република Македонија, Собранието ќе донесе заклучоци со кои ќе ги задолжи органите над кои надлежно постапуваме, да ги почитуваат и спроведуваат препораките на Народен правобранител.

Јас ви благодарам за тоа што имавте трпение да ме слушате и покрај тоа што времето измина. Ви благодарам уште еднаш.

**Бесим Догани:** Ви благодарам почитуван народен правобранител.

Бидејки веќе е надминат лимитот од 14,00 часот, кога сме навикнати на пауза, тогаш давам пауза од еден час до 15,10 часот. Ви благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,11 часот).

(По паузата)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави пратеник господин Хасипи Кенан, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Бидејќи, знам кои се причините за ваквото ваше брзање и го оправдувам. Во секој случај, ние пред паузата имавме прилика да го чуеме воведното излагање на господинот Иџет Мемети, кој во кратки црти го презентира годишниот извештај за 2006 година. Инаку, овој извештај како по обемен материјал и како обврска на оваа институција е доставен на разгледување и усвојување во Собранието на Република Македонија, се разбира, откако претходно беше разгледан во надлежните работни тела на Собранието. На овој начин оваа независна и самостојна институција ја исполни својата законска обврска до Собранието да достави годишен извештај за својата работа.

Не би сакал извештајот на оваа институција да помине бегло, незабележано, па затоа зедов учество во оваа расправа. Би сакал на самиот почеток да истакнам дека извештајот е опширен, сеопфатен, аналитичен и не се однесува само на сферата на почитувањето на човековите права и слободи, туку задира и во односот на државните органи кон оваа институција, кон нејзините препораки и барања, како и со предлози и сугестии во насока на обезбедување, почитување и ефикасна заштита на човековите права и слободи. Сето ова под единственото мото да се помагаат граѓаните во остварувањето на нивните слободи и права, а јавната администрација да стане вистински сервис и да се унапреди односот помеѓу органите на власта и граѓаните. Независно што кај нас институцијата Народен правобранител нема присилен инструментариум и применува метод на таканаречено меко постапување, евидентно е дека од година во година расте довербата на граѓаните во оваа институција што се гледа и од перманентниот пораст на претстапките по најразлични основи, што пред се, се должи на поголемата информираност на граѓаните за оваа институција и неговата улога во заштитата на слободата и правата на човекот и граѓанинот.

Но, и покрај видниот напредок, сепак останува констатација дека оваа институција по своите организациони, кадровски и финансиски капацитети се уште не постигнало оптимално ниво на заштита на човековите права и слободи. Тоа само по себе ја наметнува потребата од натамошно јакнење на улогата на оваа институција, нејзиното доекипирање, согласно принципите на правична и соодветна застапеност, јакнење на нејзината самостојност и независност, се со цел да се обезбеди ефикасен надзор во заштитата на човековите права и слободи.

Доколку се направи една споредба на досегашните извештаи на Народниот

правобранител, ќе се констатира перманентен пораст на бројот на престапките на граѓаните, што по мене не се должи на влошување на состојбите на сферата на човековите права и слободи, колку на се поголемата информираност на граѓаните за правата и надлежностите на оваа институција. Бројката од 4282 претстапки, 19 сопствени иницијативи, преку 5300 обавени разговори и над 7000 телефонски јавувања е работа за респект, но и показател за позитивниот ефект на транспарентното и понагласеното медиско делување на оваа институција. Во извештајот претстапките се калсифицирани по области, со бројни табеларни и графички прикази, кои обезбедуваат поголема прегледност на презентираниот материјал. Како и досега, најбројни се престапките од областа на правосудството, заштита на правата при полициски постапувања, имотно правната област, работните односи, социјалните права, инвалидското и пензиско осигурување итн. евидентно е дека најголемиот број од претстапките се од припадниците на македонската заедница, не поради поголемите повреди на нивните права, туку поради нејзината бројност и поголема информираност за улогата и надлежностите на иституцијата Народен правобранител. Освен што е виско бројот на претстапките, релативно е висок и бројот на претсатпките по кои постапкат е завршена, т.е. постапката е завршена за 3243 претставки или некаде околу 75,4%.

Од друга страна паѓа во очи дека соработката со надлежните државни институции не е на задоволително ниво. Така на пример, од 16 информации до надлежните органи и организации, прифатени се само 8. Од 54 информации од наделжните министерства прифатени се само 13, а од 231 информација до Владата, прифатени се само околу 100. Освен тоа за прв пат оваа година се воведува праксата на доставување на тромесечни извештаи до генералниот секретаријат на Владата, додека пак за постапувањето по барањата на Народниот правобранител, Владата редовно го информира Брисел преку доставување на информации на секои три месеци. Доколку се анализира структурата на претстапките ќе се воочи дека во голем број од нив се однесуваат на оддолжување на судските постапки. Јавното медиумско укажување на ваквите појави и потранспарентниот настап, отвори нови перспективи на оваа институција и нова страница во поефикасната заштита на човековите права и слободи. На мнение сум дека поинтезивната медиумска кампања за надлежностите и улогата на Народниот правобранител, поинтезивната соработка и контактите со меѓународните здруженија и асоцијации, а особено соработката со невладиниот сектор, битно би ја зајакнал улогата на оваа институција и би придонел за нејзината се поголема транспарентност. Она што особено го привлече моето внимание е што Нродниот правобранител сериозно ја разгледа динамиката на имплеметацијата на принципот на правична и соодветна застапеност, што се разбира е во делокругот на неговите со закон утврдени надлежности. Со утврдување на вкупниот број вработени и припадници на етничките заедници во органите на државната управа на сите ниво и во јавните препријатија, можат јасно да се воочат девијациите и големите разлики претежно на штета на помалите етнички заедници. Во тој контекст наведени се и неколку позитивно решени претставки кои се однесуваат на оваа проблематика, т.е. на повредите на правата на подносителите на претстапките од областа на правичната и соодветна застапеност. Неспорно е дека во наредниот период имплементацијата на принципот на правична и соодветна застапеност, мора да биде во фокусот на интересот на Народниот правобранител, доколку повеќе што имаме загрижувачки ниска застапеност на припадниците на условно земено, помалите етнички заедници во државните институции и на сите ниво вклучително и јавните претпријатија. Спората динамика и асиметричност во имплементацијата на овој принцип, не е само констатација на легитимните претставници на помалите етнички заедници, туку и на невладиниот сектор што дополнително го обврзува Народниот правобранител да ги искористи сите со закон утврдени права и надлежности за да се обезбеди правична и соодветна имплементација на овој принцип, се разбира, не на штета на со закон потребниот квалитет.

Иако, во извештајот на Народниот правобранител бројот на претставките од областа на дискриминацијата е мал, сепак разни облици на дискриминација се присутни, што кај ромската популација има дури и загрижувачки размери. Тоа со сета силина ја наметнува потребата од донесување на системски закон за заштита од дискриминација, преку кој ќе се утврдат механизмите, мерките и активностите за правна заштита во случај на дискриминација. Впрочем, Народниот правобранител во сите досегашни извештаи укажува на неопходноста од донесување на овој закон, дотолку повеќе што согласно директивите на Советот на Европската унија за еднаквост помеѓу мажите и жените, за еднаков третман на луѓето, без оглед на расната и етничка припадност, како и еднаков третман при вработувањето, тоа е и обврска на Република Македонија. Во тој контекст чекор напред е направен, се разбира, во донесувањето на законот за еднакви можности. Токму од тие причини користам прилика да ја охрабрам Владата дефинитивно да го донесе и овој системски закон, без кој сигурно не може да се изоди патот за полноправно членство во Европската унија.

Посебно интересен е делог на извештајот, кој зборува за повредите на правата и слободите на граѓанинот при вршењето на полициските работи

и при приземање на полициските овластувања од страна на службените лица при Министерството за внатрешни работи. Имено, не ретки се повредите на правата во полициската постапка од типот на физичко насилство при лишување од слобода, брутално полициско постапување и против правно лишување од слобода, прекумерна употреба на сила и слично. Понекогаш укажувањата на Народниот правобранител покрепени со конкретни докази и личности, за жал, не наидуваат на доволно разбирање од страна на надлежните во Министерството за внатрешни работи.

Дури и секторот за внатрешна контрола при Министерството за внатрешни работи не секогаш ги превзема потребните дејствија при повредите на правата во полициската постапка од страна на службените лица при истото министерство. Меѓутоа, за разлика од минатогодишниот извештај, во овој извештај Народниот правобранител не се осврнува на повредите на правата на граѓаните при апликацијата во македонско државјанство. Иако, има видни подобрувања во оваа сфера, сепак одредени решенија во Законот за државјанство, го оневозможува уживањето на тоа право за одредена категорија на граѓани, што директно се коси со уставно загарантираното право на еднаквост пред Уставот и законите. Во тој контекст, се разбира и нашата иницијатива за измена на тие одредби, кои што оневозможуваат подеднакво да го уживаат тоа право сите граѓани на Република Македонија.

Посебна приказна во извештајот на Народниот правобранител е правосудството. Предолгото траење на судските постапки, бавниот и неефикасен пристап во првата за одредена категорија граѓани, неправилностите во функционирањето на судската администрација, политичките влијанија врз судските одлуки, бавноста во донесувањето на судските одлуки, неприменувањето на европското законодавство и на одлуките на Европскиот суд за човекови права и слично, се слабости кои се воочени од страна на Народниот правобранител, што само по себе ја наметнува потребата од забрзување на реформата во правосудниот систем, дотоку повеќе што тоа негативно се рефлектира, како на материјалното, така и на порцесното законодавство. Ваквите состојби во правосудниот систем во извештајот се поткрепени со примери на неразумно долги судски процеси и речиси недостижна правда за одредени граѓани на Република Македонија. Освен тоа,  во извештајот е извршена сеопфатна анализа на состојбите во казненопоправните и воспитнопоправните установи, се разбира, со загрижувачките состојби во нив, со што дефакто се оневозможува вистинска ресоцијализација на осудените лица во овие установи.

За надминување на наведените состојби, Народниот правобранител преферира продолжување на реформите во сферата на правосудството, обвинителството, јавното правобранителство, адвокатурата, нотаријатот, итн, за да се обезбедат солидни, правни претпоставки за ефективна заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот. Би сакал да истакнам дека извештајот содржи анализа на повредите на уставните и законските права во областа на работните односи, социјалната заштита, пензиското и здравственото осигурување, заштита на правата на децата, повредите на правата во сферата на образованието итн.

Генерално мое мислење е дека и покрај одредени позитивни чекори, заштитата на правата и слободите на граѓанинот не е на задоволително ниво и дека институцијата Народен правобранител се повеќе ќе добива на тежина, т.е. ќе се зголемува бројот на преставките до Народнот правобранител и вербата дека оваа институција може ваквите повреди да ги сведе во подносливи рамки, она што е се разбира стандард во земјите со напредната демократија.

Исто така, евидентно е дека одредени државни органи, се уште имаат ревиден однос кон оваа институција и дека ќе биде потребно во наредниот период, преку што поголема транспарентност и со активно учество на медиумите да се осудат ваквите појави и нивните носители. Само преку изложување на јавна критика ќе се обезбеди критична маса на јавно мнение, кое ќе ги минимизира ваквите појави. Се разбира, ова се однесува и на службениците во јавната администрација, т.е. на дел од нив кои непрофесионално, недолично и неодговорно се однесуваат кон потребита на граѓаните и грубо ги повредуваат нивните права.

Завршниот дел од извештајот содржи бројни препораки од Народниот правобранител како да се надминат ваквите состојби и истите во целост ги подржува.

Длабоко сум убеден дека примерите од позитивната практика на Народниот правобранител ќе бидат имплус повеќе во јакнењето на улогата на оваа институција во насока на ефикасна зажтита на правата и слободите на граѓанинот.

Во оваа прилика би сакал посебно да ја истакнам улогата на медиумите како моќно орудие во рацета на Народниот правобранител во осудата на појавите на грубо кршење на правата и слободите на човекот и граѓанинот.

На крај, почитувани колеги, сакам да истакнам дека извештајот на Народниот правобрнител за 2006 година, претставува еден успешен обид за реално објективно и непристрасно прикажување на состојбите во речиси сите сфери на општественото живеење, со бројни препораки, мислења, предлози и сугестии за надминување на констатираните слабости во областа на почитувањето на човековите права и слободи, се

со цел што поскоро да фатиме приклучок со земјите во кои успешно се имплементираат највисоките стандарди во оваа сфера.

Од овие причини јас во целост го подржувам извештајот на Народниот правобранител. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега, како и за разбирањето.

Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеник госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван Републички народен правобранител, почитувни колеги.

Добро е што Народниот правобранител ги лоцирал евентуалните прекршувања, злоупотреби или можеби недоречености на нашето позитивно право. Добро е и што ги именувал по име каде сме потфрлиле како држава и како правен систем. Исто така, е добро и што сугерира, советува и покажува желба за поправање на нештата, за придонесување, за функционирање на се она што е запишано како право.

Сетоа тоа треба со двете раце да се прифати и да се потврди исправноста на намерите на ова Влада за промени, реформи на речиси во сите сфери од општественото живеење.

Мора да се констатира, а на тоа упатува и самиот годишен извештај, кој што доста внимателно го прочитав и го следев, дека системот, односите, вредностите кои ги наследивме лошо функционираат, дека животот, секојдневјето не ни чини и дека мора да се прават промени и реформи. Тоа граѓаните јасно ни го порачувале во текот на целата изминатата година.

Благодарност до Народниот правобранител што ни дава за право во нашите намери и чесно ни кажува дека мора да се раскрстиува со досегашните, а пред се со досегашното. Во таа смисла и ние од наша страна имаме обврска да го охрабриме, да му помогнеме, а зошто и да не го заштитиме ако треба. Впрочем, тоа е и обврска на Собранието на Република Македонија. Пред се, од секаквите можности за негова злоупотреба, политизирање, квалификации, дури и од лошото работење. Обостраната подршка, помош и охрабрување секогаш е добро дојдена, а пред се за Република Македонија.

Заради тоа потребно е да се сврти неговото внимание кон некои моменти, ситуации и постапки за кои сите ние ќе се сложиме дека не се во ред и со што би се отворило пат за остварување на неговата основна функција, а тоа е помош при заштитата на правата на граѓаните што е во корист на сите нас. За тоа јас сакам сега на Републичкиот народен правобранител да му укажам на некои аномалии посебно што се случуваат во мојот град Битола. Значи, станува збор за мојот град Битола. Општо познато во јавноста во Битола е не многу доброто работење на заменикот Народен правобранител во подрачната канцеларија чија што работа, постапување и совети кај странките предизвикуваат и чудење. Познато е пристрасното и незаконито постапување на госпоѓата заменик во случајот со детската градинка "Мајски цвет". По поднесената претставка од страна на странката госпоѓата заменик Правобранител во Битола и по две информации од страна на детската градинка "Мајски цвет" Битола испратена по нејзиното барање дека во предметниот случај во тек е судска постапка, односно дека веќе е правосилно решено и дека постои конфликт на интереси и дека мора да ја запре постапката. А во спротивно дека постапува незаконито, односно пристрасно, формулацијата е ова што го кажува во член 9 точка 5 од Законот, истата не ја запрела и продолжува да постапува прекршувајќи ги членот 12 ставот 2 и членот 20 ставот 1 алинеја 8 од истиот Закон. Увидувајќи ја својата грешка предметот го префрлила кај господинот Драги Целевски, или пак само пред неколку недели истата госпоѓа заменик Народен правобранител по претходна претставка буквално упаднала во Универзитетската библиотека во Битола за да ги испитува условите во кои работела поранешната директорка за општ потсмев на вработените. И покрај сугерирањето дека е во тек судска постапка со закажно рочиште, таа и понатаму постапувала по предметот. Како најсликовит предмет е советот што се дал на подносителот на една претставка, тој да бара да изврши експропријација на земјиштето, односно странката на сила да ја продаде својата парцела на Република Македонија. Исто така, и во овој случај на госпоѓата заменик Правобранител и било кажано дека се води судска постапка и дека тоа е предметот во трет степен пред Врховниот суд на Република Македонија. Очигледно дека станува збор за фабричка, сериска неправилност, незаконитост, непочитување на Законот кое не само што се граничи со неговото непознавање, туку ја руши и работата на институцијата Народен правобранител како државен орган и неговите напори за помош при функционирање на правото и заштитата на правата на граѓаните. Ова треба и мора да биде разбрано исклучиво како мое сугерирање, како насочување на Републичкиот народен правобранител и воопшто на институцијата Народен правобранител на определени постапувања и никако поинаку. Или како наша помош кон неговата желба и намера и јасно декларирана конечно да профункционира правната држава, правната сигурност на граѓаните и вистинската заштита на правата на тие граѓани. Конечно сето ова е само потврда за пред малку наведената констатација дека системот, односите, вредностите кои ги наследивме лошо функционираат и дека Народниот правобранител е во право со своето лоцирање на познаајните проблеми со кои се

судираат граѓаните, финансиери на државните органи и службениците. Се надеваме дека Народниот правобранител правилно ќе ја разбере оваа моја сугестија, ќе ја прифати дека ќе си ги проследи своите состојби во својата служба во Битола и дека ќе преземе соодветни мерки. Се надеваме дека со тоа ќе ги стори и неопходните чекори како би се направиле овие работи, а за тоа сигурно ќе ја има поддршката од сите нас пратениците. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски**: Благодарам потпретседателе, сакате ова сфатете го како реплика, или сакате сфатете го како укажување. Јас ги ценам реагирањата на господата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои реагираа додека дискутираше колешката Стефановска. Секогаш настојувам да избегнам да реплицирам на пратеници од Битола од каде што доаѓам. Но, навистина не можам да се воздржам овој пат од едноставна причина, бидејќи тоа го сфатија колегите од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи на овој начин непотребно со не знам кој збор да го употребам, со позадина во дискусијата предвреме ние пратениците се ставаме не само како оценувачи на одредена состојба, туку веќе и донесуваме заклучоци и пресуди за работењето на одредени институции каде што навистина ние немаме надлежност како пратеници. Уште повеќе сметам дека е недозволиво низ извештајот да се користи можност за политики притисок врз Народниот правобранител во начинот на неговото работење. Ако уште на самиот почеток од двајцата дискутанти кои што досега дискутираа, од извештајот на надлежните комисии е издадено мислењето за квалитетното и успешно работење на Народниот правобранител во изминатиот период. Сметам дека е недозволиво и немаме потреба некои свои лични незадоволства и свои лични нетрпеливости и амбиции да ги изразуваме на ваков начин. Јас би ја замолил колешката Стефановска дека барем овој дел од својата дискусија кој што се однесува за делот на работењето во Битола, за кој што јас неможам да кажам дека е така, или не е така, но од извештајот на Народниот правобранител се гледа дека не е така како што ги изнесува констатациите госпоѓата Стефановска, туку дека напротив дури целокупниот систем на функционирање на Народниот правобранител заслужува пофалби во овој период. И би замолил, уште еднаш ќе повторам, личните нетрпеливости да не ги изнесуваме во поглед на работењето на институцијата на Народниот правобранител, туку напротив она што досега сме го истакнале и како пратеници и во извештаите на комисиите да го потврдиме во однос на работењето на Народниот правобранител. Би завршил со тоа дека апсолутно не би поддржал една ваква дискусија која што не води кон унапредување на функцијата на Народниот правобранител, туку напротив води кон политички притисок врз работењето на оваа институција.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Почитуван колега, моето најдобронамерно укажување е само во функција на доброто функционирање на Народниот правобранител и ова не е мое лично мислење, туку е мислењето на граѓаните на Битола, јас бев задолжена да го презентирам пред вас и да укажам на некои аномалии со кои што во смисла на подобро функционирање на институцијата Народен правобранител. И сметам дека со тоа ќе си ги провери Народниот правобранител податоците и понатаму ќе функционираме во најдобра смисла за нашето добро на цела Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе, јас сосема накратко би сакала да ја искажам поддршката од пратеничката група на СДСМ на извештајот и да оддадам признание на работата на Народниот правобранител на Република Македонија. Мислам дека денеска целта на разгледување на овој извештај е една и единствена, Народниот правобранител како надлежен и независен орган да ни покаже во својот извештај, прво неговата работа. Второ, од овој извештај ние како пратеници да ги фокусираме местата каде што се кршат правата и слободите на граѓаните од органите на управата во оваа држава. И само така треба да го сфатиме овој извештај и само така ако сите реално ги погледнеме бројките опозицијата и позицијата, позицијата ќе сфати каде преку своите механизми и преку Владата треба да делува во наредниот период, а опозицијата каде треба да притиска да се исправат овие работи. Значи, во иднина колку ќе е пообјективен Народниот правобранител во работењето, толку е подобро за демократизацијата и воопшто за демократијата во општеството.

Од името на Клубот на жени пратенички во Собранието на Република Македонија, јас би сакала да го поздравам овој годишен извештај за 2006 година затоа што после донесувањето на Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените согласн одредбите од овој Закон за прв пат имаме преглед што е составен дел на извештајот за родовата, половата застапеност по органите на државната управа. Значи, почнувајќи од кабинетот на Претседателот на држава, па сите опфатени органи на државната управа. Овој извештај нас како Клуб на жени пратенички ќе ни послужи да фукусираме голем број на проблеми, односно незастапеност. Треба да признаеме дека некаде сме презастапени. Тука треба да се води обратна политика, но во некои места жената е само застапена во органите на управување.

И она што би сакала да го упатам сега до Народниот правобранител и очекувам во годишниот извештај за 2007 година да биде содржано е сите претставки кои што биле земени во работа, наредниот извештај да содржи податоци од родов аспект. Мислам дека тоа е и обврска од членот 20 од Законот за еднакви можности, затоа што особено во делот на заштита на слободите и правата на граѓаните од бројот на поднесените претставки кои што ќе бидат систематизирани според полот, ќе видиме каде најмногу се кршат правата и слободите на граѓаните, а посебно правата и слободите на жената за да можеме ние понатаму да ја фокусираме, односно да ја насочиме нашата идна активност. Значи, уште еднаш оддавам признание на работењето на Народниот правобранител на Република Македонија, очекувам и понатаму со ист интензитет и со иста независност и самостојност и со ист интегритет да ја обавува оваа значајна функција во општеството и ја искажувам поддршката на пратеничката група на СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници. Денес сум среќен што меѓу нас е Народниот правобранител кој што е претставник на правото, на вистината и законот. Во овој контекст за една сорботка на пратениците од Собранието на Република Македонија и Народниот правобранител е во интерес на сите граѓани на Република Македонија. И ова треба да значи дека ова лице, оваа државна институција треба да дејствува на независен начин, акцептирајќи ги сите, или примајќи ги сите барања, претставки од граѓаните и претставувајќи ги истите пред соодветните органи на кои што се повикуваат. За среќа во Република Македонија почнато е со воведување на една редовна постапка, а постапка која што води кон усовршување и вршење на обврските на Народниот правобранител во согласност со потребите на граѓаните. Исто така, сакам да нагласам еден еклатантен пример кој што треба да го знае и Народниот правобранител и јас како претставник од општина Желино во целост сум принуден како пратеник да ги претставам проблемите и маките во врска со прекршувањето на правата на луѓето во таа општина. Се работи за еден конкретен случај кој што го имам насочено до Народниот правобранител за да го бара своето право. Се работи за градоначалникот на општина Желино, господинот Кенан Алиу кој што на флагрантен начин ги крши правата на работниците во општина Желино, со тоа што на работникот Шабан Лимани е пред отпуштање, само затоа што е член на Советот, Училишниот совет за избор и именување на директорите и за доброто водење на работите во училиштето, земајќи го во предвид триаголникот родител,ученик и наставник. Во оваа насока господинот Шабан Лимани е претседател на Училишниот совет кој што е избран од страна на родителите на демократски начин. И сега е време кога треба да се избере новиот директор во согласност со правилата и Статутот на училиштето и тој човек, значи градоначалникот на општина Желино на човекот кој што го спомнувам, на Шабан Лимани му има дадено пред отпуштање, само за да направи притисок за тој да не влијае врз изборот на директорот на училиштето. Затоа јас го молам градоначалникот да делува во согланост со законот, да не мисли дека работите луѓето не ги дознаваат, тие работи ги знае целата држава и сите политички партии, а сега тоа го знае и Народниот правобранител и лицето кое што е во случајот како обвинет неправедно и тој ќе се обрати до Народниот правобранител. Јас му посакувам успех на Народниот правобранител и на сите луѓе кои што имаат такви проблеми би ги упатил до законот, до правото и до Народниот правобранител.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван Народен правобранител. Мислам дека потпретседателе, треба да ги прекинувате дискусиите кои што се однесуваат на некои лични проблеми, бидејќи ова е расправа по повод годишниот извештај на работата на Народниот правобранител. Сметам дека во иднина ако секој од пратениците земе збор и да расправа за проблеми од неговата општина, сметам дека расправата ќе оди во недоглед. Затоа апелирам до вас, да ги прекинувате таквите дискусии. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Апсолутно не е добро Собранието да го претвориме овде во судница, туку да се концентрираме на овој обемен материјал, извештајот на Народниот правобранител и да ги кажеме нашите забелешки како пратеници по однос на овој извештај.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван Народен правобранител на Република Македонија. Навистина со особено внимание ги следам сите извештаи на почитуваниот Народен правобранител како од изминатите години, така и годишниот извештај за 2006 година. И на самиот почеток можам да изразам задоволство од сериозноста со која е пристапено кон подготовката на овој извештај, затоа што сите кои што сме го погледале, мора да признаеме дека пред нас се наоѓа еден доста обемен, но конкретно сработен извештај со многу податоци, графикони, прегледност и со посебен акцент и осврт на поединечни случаи кои што во голема мера и ја потресоа македонската јавност. Јас на самиот почеток ќе кажам дека нема да

навлегувам во подетални анализи на извештајот и дека ќе дадам поддршка на овој извештај. И притоа покрај тоа што го изразив задоволството од начинот на кој е подготвен извештајот.

Од извештајот можеме да заклучиме дека и во најголем број на претставки, Народниот правобранител одлучувал и постапувал по нив. Сеуште има еден значителен број на претставки по кои не одлучувал или не постапувал Народен правобранител. Јас сега не навлегувам во тоа во тоа поради што се случувало тоа, но многу често и претставките кои ги доставуваат граѓаните до Народниот правобранител, не навлегуваат во доменот на кршење на човековите права, па најверојатно поради тоа, не е постапувано по одреден број на претставки.

Особено би сакала да нагласам дека, според она што го имаме од Извештајот дека имаме зголемување и тоа во еден значителен процен во 30% во однос на претходната година на поднесени претставки. Сега на мене ми се наметнува дилемата, од една страна, дали навистина би било и тоа не би било добро за Република Македонија, дали во овој период имаме поголеми кршења на човековите права во Република Македонија, што велам дека не би било добро доколку е така, или пак не мора на се да гледаме во една таква конотација, туку напротив може да гледаме и од позитивната страна на нештата, а тоа би значело дека граѓаните во меѓувреме стекнале, јас би сакала да ме слуша Народниот правобранител.

**Иван Анастасовски:** Го молам предлагачот на точката да ја смени дискусијата.

Продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Значи, дали се работи за тоа дека во Република Македонија имаме повеќе кршења на човековите права во 2006 година, што не би било добро за земјата или навистина, моето задоволство ќе биде дотолку поголемо доколку зголемениот број на претставки се должи на тоа граѓаните во изминатиот период имаат поголема доверба во институцијата Народен правобранител.

Особено би сакала да го искажам задоволството што во некои значајни области е намален бројот на претставките, од она што го имаме во 2005 споредбено со 2006 година, како што е во областа на правосудството и се надевам дека во овој случај имаме најверојатно поефикасно постапување во судството и понавремено решавање на судските спорови. Доколку навистина тоа се должи на судењето во размерен рок, тоа би било добро. Најверојатно токму и тоа е една од . . .

Јас се извинувам, но со оглед на тоа што Народниот правобранител не ја следи мојата дискусија, јас тука ќе се откажам од дискусијата за да може тој да си го заврши разговорот со господинот Матоши. Но, сепак мојата поддршка останува и навистина, почитуван потпретседателе, делува деконцентрирачки кога му се обраќате некому а тој не ве следи. Моите укажувања беа во добра намера и на самиот почеток ја пофалив работата на Народниот правобранител, но најверојатно нема желба да го сослуша моето излагање.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас мислам дека предлагачот ве следеше, но тоа е ваш впечаток.

Има збор господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам потпретседателе,

Јас сакам да искажам нешто во врска со извештајот на Народниот правобранител, бидејќи се работи за една значајна институција каде навистина сите граѓани на кои не им се уредени прашањата во државните институции, се разбира дека се обраќаат до оваа значајна институција која е транспарентна со својата работа, за разлика од неколку институции кои не се на ниво на својата работа и услуга во однос на граѓаните и услугите кои од нив треба да ги добијат граѓаните во текот на извршувањето на нивните работи.

Се работи за едно добро западно искуство кое порано се практикувало на запад и сега се практикува и кај нас, но земајќи една потребна насока за да функционира што подобро и да ги зголеми своите можности.

Јас лично на Народниот правобранител ќе се обратам со мои констатации и би побарал од него да биде потранспарентен или погласен и да биде укажувач на неколку работи каде работите не течат добро. На пример, ми се допаѓа извештајот за правичната и соодветна застапеност. Но, овој извештај ќе остане тука. Јас би побарал да имаме една поголема врева или поголемо барање од оваа институција. Значи институциите во Република Македонија да ја ориентираат нивната работа кон правична и соодветна застапеност од причина што е од големо значење, дефинитивно, институциите да зрачат позитивно и да има правична или соодветна застапеност.

На пример од весниците сум прочитал дека Кабинетот на претседателот на Републиката нема ниту еден албанец. Но, од извештајот гледам дека има двајца вработени. Се прашувам, дали е тоа доволно? Доколку има двајца вработени албанци, тоа го поздравувам, но дали е тоа доволно. Значи, од државните институции дефинитивно да се реши овој проблем и од Народнот правобранител барам да биде погласен и од институциите да бара да имаат правична и соодветна застапеност што е едно големо барање и на граѓаните на Република Македонија, но ова е барање исто така и на европските институции, на НАТО и Европска унија, кои се заинтересирани институциите кај нас да зрачат во однос на составот на граѓаните или да зрачат во однос на правичната застапеност.

Јас ги следев сите детали во овој Извештај и Извештајот го поздравувам, бидејќи има дадено

еден добар преглед. Но, повторно ќе нагласам дека не е ова доволно. Значи, би побарал од Народниот правобранител почесто да излегува со прегледи, посебно кај јавните претпријатија кои функционираат со еден вид автономија и самостојност која не се концентрира и не сака да има соодветна и правична застапеност. Значи Народниот правобранител да укаже кои би биле тие механизми кои ќе не насочат кон еден позитивен развој во нашата земја.

Во однос на правичната и соодветна застапеност имаме неколку институции кои имаат 0% застапеност на заедниците. Овие институции треба да се освестат и дефинитивно сите ние заедно треба да работиме во таа насока и во овие институции да има први пработувања, да се скрши мразот. Значи да немаме институции со 0% вработување во однос на правичната застапеност.

Инаку, знам дека во канцеларијата на Народниот правобранител има разни претставки од страна на граѓаните и ние како пратеници сме принудени, ние кои овде ги застапуваме граѓаните, да соработуваме со ова институција и сите предмети и претставки кои се констатираат во однос на опструкција или ширење демагогии што ги вршат државните институции, бараме потесна соработка со оваа институција и дефинитивно да ги решиме проблемите на граѓаните кои се од различен карактер што токму се бара од нас, заедно со државните институции да ги решиме овие проблеми и да им излеземе во пресрет на граѓаните, а работиме на тоа да ги решиме сите проблеми на граѓаните.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, почитуван Народен правобранител, почитувани колеги пратеници,

Навистина редок момент и пријатен момент е кога разгледуваме еден ваков документ кога можеме да констатираме дека една нова, преземено од искуството на демократските земји во Европа, институција, востановена пред десетина години, успешно се развива и се изборува за своето место.

Минаа доста годин додека се решивме ние, иако во Уставот напишавме обврска дека ќе имаме Народен правобранител, да донесеме закон. Тој закон го предложи Либералната партија, тогаш, првиот закон за Народен правобранител и нам сега ни е многу важно и особено задоволство чувствуваме што сме еден вид основачи на една многу важна и успешно што се развива, институција.

Сега сакам само неколку работи да кажам:

Прво, мислам дека јавниот правобранител во целиот овој наш напор да се стекне верба кај граѓаните дека правдата е мошне достижна и до неа може да се дојде, почна да ужива се поголем углед, како институција, која токму на таквите потреби на граѓаните може битно да помогне. Јакнењето на таа општа верба дека системот така се развива што постепено гради ссегменти во себе што на граѓаните им помага да ја остваруваат својата правда, тоа е значајна улога на оваа институција.

Второ, значајна улога е како воопшто е водена оваа институција, особено последните години. Многу е значајно за коехезијата на државата и за јакнењето на граѓанската свест воопшто, што некои наши клучни уставни одредби, како што е правичната застапеност, претставува преокупација на оваа институција и таа се бори да постигне битен резултат на тоа поле.

Трето, мислам дека е значајно да се истакне, ако на институцијата и се погоди правилно раководење, колку има корист и за самата институција. Морам овде да истакнам дека добар дел на успешниот развој на оваа институција се заснова и на тоа што ние до сега сме имале, така ни се погодувало да имаме луѓе кои се загреани за оваа материја, а се на чело на овие институции. Тоа беше првиот правобранител, господинот Бранко Наумовски и морам да истакнам, особено признание заслужува господинот Хиџет Мемети кој сега е на чело на оваа институција. Тоа е пример како институциите си го наоѓаат местото и јакнат.

Зголемениот број на забележани случаи, обраќање до Народниот правобранител и зголемениот број на решени случаи, по мое мислење не претставува зголемен број на прекршување на човековите права, туку поефикасна работа на правобранителот и поголема доверба на граѓаните од сите етнички заедници, во оваа институција. За тоа, покрај некои слабости, кај поединци сигурно има и слабости, има слабости сигурно и во некои градови итн., тоа не можеме да го одречеме. Нашето внимание овде треба да биде свртено кон успехот во развојот на оваа институција и ние треба да го поддржиме овој извештај со едно охрабрување на луѓето што работат таму, уште повеќе да ја афирмираат оваа институција, заради тоа што граѓаните многу се надеваат на нејзината активност и во помошта што треба да ја добијат од неа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

Само кратко би кажал неколку збора, а тоа е дека имаме солидно подготвен извештај од страна на Народниот правобранител, дека имаме институција која функционира, институција која од време на време има проблеми, институција која понекогаш можеби и не најбрзо, во секој еден случај што го има, постапува, но генерално, институција која е добро раководена, која функционира и која ја извршува својата функција која и е пропишана со Уставот и законите и

едноставно имаме добро администрирање на целиот тој процес.

Од тие причини пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, ќе гласа за Извештајот на Народниот правобранител и се надеваме дека и во 2007 година со извесни подобрувања ќе имаме исто така добро функционирање на оваа институција, нејзиниот раководител и сите оние луѓе кои придонесуваат кон нејзиното функционирање.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, го ставам на гласање.

Пред да пристапиме кон гласање ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 гласалс за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Почитувани колеги овде ја прекинувам оваа седница.

За продолжението дополнително ќе бидете известени.

Бидејќи треба да продолжиме со 34-та седница, објавувам пауза од 10-тина минути поради техничките обврски кои треба да ги имате вие колеги.

(Седницата прекина со работа во 16,12 часот).